Република Северна Македонија Republika e Maqedonisë së Veriut
Општина Липково Komuna e Likovës
Tel/Fax: +389/31-463-180; 031/463-179
e-mail: m_likova@yahoo.com
Web: www.komunaelikoves.gov.mk

Бг./Nr.18- 272/5 Датум/**Data** 10.03.2020

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 199/2014, 44/2015, 157/2015, 193/2015, 31/2016, 90/2017, 64/2018, 168/2018) и член 22 од Статутот на Општина Липково, и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Липково за 2019 година со Одлука бр. 08-1307/19 од 30.12.2018 година, од Советот на Општина Липково, Градоначалникот на Општина Липково, го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

За организирање на јавна презентација и јавна анкета
по Предлог на Градоначалник на Општина Липково

Граници на опфатот се: **Предлог план УПВНМ за изградба на Г2 –лесна и незагадувачка индустрија, А4 – времено сместување и Б2-Големи трговски единици во м.в. Шамак, КО Опае, Општина Липково.**

Опфатот е со површина од 2,3 ха.

Јавната анкета и јавната презентација по Предлог на градоначалник, ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во просториите на сала на Совет на О.Липково и во месната заедница на село Опае.

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена и тоа од **18-24.03.2020**година, секој работен ден од 10,оо до 15,оо часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 20.03.2020 година во 10,3о часот во просториите на сала на Совет на О.Липково.

Изготвила, Ida Dije Arifi
Контролирал, Xhezmi Musliji
Одобрил, Nexhadi Osmani

Општина Липково
Градоначалник
m-r Erkan Arifi